# Дополнителни услови за колективно осигурување на лица од последици на несреќен случај

## Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови, се составен дел од договорот за колективно осигурување на лица од последици на несреќен случај.
(2) Договорувач на осигурувањето (во понатамошниот текст: договорувач) е правно или физичко лице - трговско друштво или друга организација, која склучува колективно осигурување, без оглед дали премијата ја плаќа од свои средства или од платата на осигурените вработени лица.

## Член 2 - ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

(1) Може да се осигуруваат лица кои се вработени кај договорувачот на неопределено време, определено време или со договор на дело. Ако е договорено и наведено на полисата, може да се осигуруваат и лица кои со договорувачот сочинуваат организациона целина.
(2) Лицата наведени во став (1) од овој член се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба, општа работопсособност и старост и тоа без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9, став (1), точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4, став (3) од Општите услови, во секој случај, се исклучени од осигурување.
(3) Ако е договорено само осигурување од последици на несреќен случај на работно место, во осигурувањето се вклучени незгода на работно место, на пат од дома до работно место, при враќање дома од работно место, при извршување на задачи по налог на договорувачот на осигурувањето.
(4) Со осигурување не се опфатени лицата вработени кај договорувачот на неопределено време, определено време или со договор на дело:
   1) кои се постари од 75 години;
   2) кои на денот на склучување,  или преуредување на осигурувањето се на боледување, но само до нивното враќање на работно место.

## Член 3 - ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

Со колективно осигурување на лица од последици на несреќен случај може да се осигураат следните опасности: смрт како последица на несреќен случај, инвалидитет, дневен надомест за време на минлива неспособност за работа, надомест за денови поминати во болница и трошоци за лекување.

## Член 4 - НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Колективно осигурување на лица од последици на несреќен случај може да се склучи со список или без список на имиња на осигурениците.

## Член 5 - ОСИГУРУВАЊЕ СО СПИСОК НА ИМИЊА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

(1) Ако е договорено осигурување со список на имиња на осигурениците, осигурени се само оние лица кои се со имиња наведени во полисата или во списокот приложен кон полисата.
(2) За ново пријавените лица осигурителното покритие почнува во 24:00 часот на денот кој е наведен како почеток на осигурувањето во писмената пријава поднесена на осигурувачот, но не пред 24:00 часот од денот кога осигурувачот ја примил пријавата.

За одјавените осигуреници покритието престанува во 24:00 часот оној ден кој е наведен во одјавата како ден на престанување на осигурувањето.

(3) Во секој случај, осигурителното покритие за поединечен осигуреник престанува во 24:00 часот оној ден кога му престанал работниот однос односно членството.

## Член 6 - ОСИГУРУВАЊЕ БЕЗ СПИСОК НА ИМИЊА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

(1) Ако е договорено колективно осигурување според платен список или друга евиденција, осигурени се сите лица кои се вработени кај договорувачот, освен оние кои писмено изјавиле дека не сакаат да бидат осигурени.

(2) Осигурителното покритие за ново примените лица почнува во 24:00 часот оној ден, кога според договорот, им започнува работниот однос, односно членство.

(3) Ако било договорено колективно осигурување според бројната состојба без клаузула за пресметка на премијата на крајот на осигурителната година, осигурени се сите вработени лица - членови, освен оние кои писмено изјавиле дека не сакаат да бидат осигурени.

(4) За вработените - членовите, кои во текот на траењето на осигурувањето писмено изјават дека не сакаат да бидат осигурени, покритието престанува во 24:00 часот оној ден кога е поднесена писмената изјава на договорувачот односно осигурувачот.

(5) Во секој случај, осигурителното покритие за поединечен осигуреник престанува во 24:00 часот оној ден кога му престанува работниот однос, односно членство.

## Член 7 - СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Сумата на осигурување, наведена во полисата, е најголемиот износ на обврските на осигурувачот за поединечен осигуреник.

(2) Може да се договорат и различни суми на осигурување со оглед на видот на работа кој го извршува осигуреникот, односно класата на опасност во која е распореден осигуреникот.

(3) Ако во полисата не се одредени еднакви суми на осигурување од последици на несреќен случај за сите осигуреници, во случај на несреќен случај, за поединечен осигуреник важат оние суми на осигурување кои одговараат на класата на опасност во која спаѓаат редовните работни задачи кои ги извршува осигуреникот според распределбата на занимањето, која е составен дел на тарифата на премии за осигурување на лица од последици на несреќен случај.

## Член 8 - ОПСЕГ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) За осигурување за случај смрт поради несреќен случај, траен инвалидитет, минлива неспособност за работа, престој и лекување во болница како и трошоци за лекување поради несреќен случај, се применуваат одредбите од Општите услови.

(2) Корисник во случај на смрт на осигуреникот поради несреќен случај е брачниот другар на осигуреникот. Ако нема брачниот другар, корисник се одредува според Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај.

## Член 9 - ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

(1) Договорувачот е должен да ја плати премијата во рокот наведен во полисата и тоа за сите осигуреници без исклучок и за цело времетраење на осигурувањето.

(2) Ако е договорена пресметка на премијата на крајот на осигурителната година, конечната пресметка на премијата се врши според просечниот број на осигуреници. Договорувачот мора најдоцна во рок од 30 дена после истекувањето на секоја осигурителна година да му достави на осигурувачот податоци за бројот на осигуреници

на последниот ден на секој месец. Просечниот број на осигуреници во осигурителната година се утврдува така што се собира бројот на осигуреници на последниот ден на секој месец во осигурителната година за која се пресметува премијата, а добиениот збир се дели со 12. Ако просечниот број на осигуреници е поголем од бројот за кој веќе била платена премија, договорувачот мора да ја доплати разликата во премијата; ако тој број е помал, осигурувачот мора да му го врати на договорувачот вишокот од платената премија.

(3) Обврските на осигурувачот према поединечен осигуреник постојат и во случај кога договорувачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако незгодата настанала за времетраењето на осигурувањето во смисла на членовите 6 и 16 од Општите услови.

(4) Договорувачот е должен да му овозможи на осигурувачот увид во неговата евиденција од која може да се утврди бројот и имињата на осигурениците, како и висината на пресметаната и платената премија.

## Член 10 - ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО

(1) Родителите на осигуреникот и неговиот сопружник може да се осигураат од последици на несреќен случај и ако не се постари од 75 години, како и деца постари од 14 години, а за случај смрт поради болест, сопружникот и родителите на осигуреникот ако не се постари од 65 години, како и деца постари од 14 години. За осигурување на родители, сопружник или деца, потребна е писмена изјава на договорувачот или осигуреникот со наведени имиња, сродство и датум на раѓање.

(2) Осигурителното покритие за членовите на семејството почнува во 24:00 часот оној ден кој е наведен како почеток на осигурувањето во писмената пријава предадена на осигурувачот, но не пред 24:00 часот од денот кога осигурувачот ја примил пријавата. За одјавените осигуреници, покритието престанува во 24:00 часот оној ден кој во одјавата е наведен како крај на осигурувањето.

(3) За сумите на осигурување на членови од семејство важат одредбите од член 7 од овие Дополнителни услови.

## Член 11 - ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) За откажување на договорот за осигурување важат одредбите од член 16 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај.

(2) Кај осигурувањата кај кои премијата се плаќа со задршка од плата, осигурувачот може да го откаже договорот за осигурување само со согласност на осигуреникот.

## Член 12 - ПРИМЕНА НА ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## Член 13 - ВАЖНОСТ НА УСЛОВИТЕ

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.